# Одбележување на Светскиот ден на телевизијата

**Скопје, 21 ноември 2022** – Одбележувањето на денешниот ден е признавање на улогата на телевизијата во едуцирањето, обезбедувањето информации, промовирањето на слободата на изразување, толеранцијата, отвореноста за изразување на различните култури .

Прогласен со резолуција на Обединетите нации 1996 година, целта на Светскиот ден на телевизијата е да се зголеми свеста за влијанието што телевизијата го има во градењето ставови кај публиката и улогата во свртувањето на вниманието кон економските, општествените, здравствените и други прашања.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на сите телевизии во земјава им го честита Светскиот ден на телевизијата и ги повикува да дадат сопствен придонес во неговото одбележување.